ДРЖАВНО СРЕДНО
УЧИЛИШТЕ ЗА ЛИКОВНА
УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН
„ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ“ СКОПЈЕ

STATE SECONDARY
SCHOOL OF ARTS AND DESIGN
„LAZAR LICHENOSKI“SKOPJE

Арх. Бр. 03-262/1
Дата: 01.09.2025 година

Врз основа на член 5 став 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 78/2025 од 11.04.2025), и Правилникот за начинот за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, издаден од МОН (број: 18-10074/2 од 17.07.2025) ДСУЛУД „Лазар Личеноски“ - Скопје донесе:

**ПРОТОКОЛ (интерен акт)**
за начинот за пријавување и заштита на ученик-жртва
на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување

**1. Вовед**

Државното средно училиште за ликовна уметност и дизајн „Лазар Личеноски“ - Скопје со оваа политика и протокол ги уредува мерките и активностите што ги презема за спречување и заштита од насилство.

Документот содржи:

- воведен дел со цел, дефиниции, принципи на работа и видови на насилство;
- политика за спречување на насилство, со мерки и активности за превенција;
- протокол за постапување во случаи на насилство, со мерки за заштита на ученик жртва и мерки кон ученик сторител.

Документот се објавува на веб-страницата на училиштето.

Училиштето го прегледува и ажурира документот најмалку еднаш на четири години, во согласност со важечките закони и утврдените околности поврзани со насилство и насилно однесување во училиштето.

**1.2. Цел**

Целта на овој документ е утврдување на мерки и активности за обезбедување на безбедна училишна средина, спречување и заштита од насилство и обезбедување еднаков пристап до образованието за сите ученици, во согласност со важечките закони.

**1.3. Намена и опфат**

Овој документ се однесува на сите субјекти во училиштето. Директорот, наставниците и стручните соработници се должни и надлежни да ги спроведуваат мерките и активностите утврдени во документот.

Документот е наменет и за учениците, родителите/старателите, членовите на телата на училиштето и претставниците на институциите вклучени во системот на превенција и заштита од насилство, вклучувајќи Министерство за труд и социјална политика, Министерство за здравство, Министерство за внатрешни работи и Јавното обвинителство.

Документот се применува за сите случаи на насилство во кои жртва или сведок е ученик во училиштето, без оглед на местото на настанот (во училиштето, пред влезот на училиштето, патот до или од училиштето, дома или на друго место). Документот се применува секогаш кога насилството се случува во училиштето и/или кога вработените во училиштето имаат сознанија или сомнеж дека ученик бил или е жртва на насилство, а истото не е разрешено или има негативни последици врз здравјето и развојот на ученикот.

**1.4. Дефиниции на поими**

- Насилство – сите форми на физичко, психичко, сексуално и економско насилство, злоупотреба и занемарување
- Ученик – секој запишан ученик или ученичка во средното училиште.
- Ученик жртва – ученик за кој училиштето располага со сознанија или постојат основани сомненија дека доживеал или доживува насилство.
- Ученик сторител – ученик за кој училиштето располага со сознанија или постојат основани сомненија дека сторил насилство.
- Сторител – секој ученик или возрасно лице за кој училиштето располага со сознанија или постојат основани сомненија дека сторил насилство.
- Вработени – сите лица вработени во училиштето.
- Наставници – сите наставници вработени или ангажирани во училиштето.
- Стручни соработници – сите стручни лица вработени или ангажирани во училиштето (психолог, специјален едукатор и рехабилитатор и други).
- Контакт лице за пријавување насилство – Тина Чачоровска (психолог).
- Заменик на контакт лицето за пријавување насилство – Грозданка Каникова (наставник).
- Дете – ученик/ученичка на возраст до 18 години.
- Помладо возрасно лице – ученик/ученичка на возраст од 18 до 21 година.
- Виктимизација – трпење на штетни последици поради преземање дејствија за заштита или пријавување на насилство, учество во постапка за заштита од насилство или други законски утврдени постапки, вклучувајќи дискриминација или повреда на правата.

**1.5. Принципи**

Училиштето го спроведува овој документ врз основа на следните принципи:

- најдобар интерес на детето;
- забрана за дискриминација;
- почитување на правото на самоопределување;
- учество на надлежните субјекти во спроведувањето на мерките;
- заштита на приватноста;
- доверливост на податоците;
- одговорност на сите учесници во постапките;
- пропорционалност на мерките;
- информираност на сите засегнати лица;
- стручност при спроведување на мерките;
- должна грижа на вработените;
- забрана за непотизам и корупција.

При спроведувањето на мерките и активностите за превенција и заштита од насилство, училиштето е должно да ги почитува овие принципи и да обезбеди дека преземените активности и мерки не ги нарушуваат нивните одредби.

**1.5.1. Најдобар интерес на детето**

Најдобар интерес на детето подразбира дека при постапување и донесување одлуки приоритетно се зема предвид заштитата, воспитувањето, правилниот раст и развој на детето, како и ефектите што одлуките ги имаат врз детето.

Во ситуации кога интересите на детето се разликуваат од интересите на родителите, старателите, училиштето или други институции, училиштето е должно да донесе одлука која е во најдобар интерес на детето

При одлучување, училиштето ги зема предвид релевантните карактеристики на детето и контекстот во кој живее. Овие карактеристики вклучуваат пол, возраст, здравствена состојба, семејна состојба, социјален и економски статус, етничка припадност, попреченост и други релевантни факти.

**1.5.2. Забрана за дискриминација**

При спроведување на овој документ, училиштето не смее да врши разлики во постапувањето или третманот на ученик жртва, ученик сторител, нивните родители/старатели, возрасен сторител, вработени, други ученици или возрасни засегнати од насилството врз основа на: раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, пол, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, други видови уверувања, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство, општествен статус или друг законски признат основ.

Примената на овој принцип не ја спречува училиштето да ги земе предвид релевантните карактеристики на ученикот, родителите/старателите или мотивите за насилството за донесување на одлуки и спроведување на мерки за превенција и заштита од насилство. Мерките и пристапот се прилагодуваат на специфичните потреби и околности на секој ученик, врз основа на факти и законски утврдени критериуми.

Училиштето не смее да донесува одлуки засновани на стигма или предрасуди и не смее да ги поттикнува или зацврстува истите во која било сфера на своето делување, вклучително и при спроведување на превенција и заштита од насилство.

**1.5.3. Почитување на правото на самоопределување**

Училиштето е должно да го почитува правото на самоопределување на секој ученик во однос на неговата религиозна, национална и етничка припадност, во согласност со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

Училиштето нема право да се меша, да врши влијание, да го преиспитува или да го осудува изборот на ученикот во однос на самоопределувањето.

**1.5.4. Учество на надлежните субјекти во спроведувањето на мерките**

При спроведувањето на овој документ, училиштето е должно да ги вклучува сите засегнати страни, и тоа: ученикот-жртва, ученикот-сторител, учениците-сведоци на насилството, другите ученици или возрасни лица засегнати од настанот, како и родителите или старателите.

Кога се проценува потреба, училиштето вклучува и претставници на други надлежни институции, како што се Центарот за социјална работа, здравствените установи, Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство и органите на локалната самоуправа.

Доколку постои сомнеж или индикација дека родителот или старателот е директен извршител на насилството, дека го поддржува, или дека врши притисок врз жртвата или сведоците, училиштето не го вклучува родителот/старателот во постапката и за тоа веднаш ги известува надлежните служби за социјална и детска заштита, кои преземаат понатамошни мерки согласно закон.

При донесувањето одлуки и спроведувањето мерки за заштита од насилство, училиштето е должно да ги земе предвид мислењето, желбите и потребите на ученикот-жртва, при што на ученикот му се даваат разбирливи објаснувања, прилагодени на неговата возраст, зрелост и капацитети.

### 1.5.5. Заштита на приватноста

Секое дете има право на приватност во сите постапки поврзани со неговата заштита, воспитување и образование.

Училиштето е должно да ја почитува приватноста на учениците при примена на овој документ и да спречи какво било самоволно или незаконско мешање во приватниот и семејниот живот, домот, личната преписка или личните податоци на ученикот, како и напади врз неговата чест, углед и достоинство.

Разговорите со учениците, во рамки на спроведување мерки за заштита на ученик-жртва или мерки за промена на однесувањето на ученик-сторител, се вршат во соодветни и приватни простории.

При одлучување и спроведување на мерките од претходниот став учествуваат само лицата чие присуство е неопходно за правилно и законито постапување.

### 1.5.6. Доверливост на податоците

Сите информации поврзани со случајот на насилство, како и информации за ученик-жртва, ученик-сторител и други засегнати страни, се доверливи.

Секој вработен во училиштето, како и други стручни лица кои располагаат со информации за случајот, е должен да ги чува и не смее да ги споделува со лица кои не се вклучени во обезбедување заштита и поддршка.

Училиштето може да доставува информации до медиумите исклучиво во обем и на начин со кој целосно се обезбедува заштита на личните податоци и идентитетот на сите засегнати лица, во согласност со Законот за заштита на личните податоци. Доставувањето информации се врши само по претходна писмена согласност од ученикот-жртва или неговиот родител/старател, освен во случаи кога медиумите веќе објавиле информации за конкретниот случај и бараат официјална потврда или дополнителни податоци од училиштето.

Училиштето е должно да му објасни на ученикот на разбирлив начин што значи доверливост, кои лица ќе пристапуваат до информациите, нивната улога и обврски, како и понатамошните постапки, мерки и активности.

Вработениот кој примил доверливи информации од ученик не смее да гарантира апсолутна доверливост доколку процени дека информациите мора или има обврска да ги сподели со други надлежни лица за обезбедување заштита и поддршка, во согласност со закон.

### 1.5.7. Одговорност на сите учесници во постапките

Секој учесник во постапките за спречување, утврдување и постапување по случаи на насилство, дискриминација, занемарување и злоупотреба во училиштето има јасно дефинирана и лична одговорност, како што следува:

1. **Директорот** – носи конечна одговорност за организирањето, координирањето и следењето на постапките, обезбедува законитост на дејствијата, гарантира навремена реакција и обезбедува заштита на правата на сите вклучени страни.

2. **Стручната служба** – врши стручна проценка на ризиците и потребите, дава препораки за соодветни мерки, следи и евидентира состојби, и обезбедува поддршка на учениците, наставниците и родителите.

3. **Наставниците и класните раководители** – имаат одговорност за непосредно следење на однесувањето на учениците, навремено пријавување на сомнителни или потврдени случаи и соработка со стручната служба и раководството.

4. **Родителите/старателите** – се должни да соработуваат со училиштето, да доставуваат точни и навремени информации и да преземат мерки за поддршка и заштита на детето во домашната средина.

5. **Учениците** – имаат обврска да се однесуваат во согласност со правилата на училиштето, да пријавуваат насилство и да соработуваат во постапките, почитувајќи ги упатствата на надлежните лица.

6. **Други вработени (административен и технички персонал)** – се должни да пријават забележани случаи на насилство или сомнителни ситуации и да постапуваат согласно упатствата на стручните лица.

7. **Надворешни соработници и партнери на училиштето** – во рамките на својата вклученост, имаат обврска да почитуваат протоколи, да пријавуваат инциденти и да соработуваат во постапките.

Непостапувањето или несовесното постапување на кој било учесник во рамките на неговите надлежности претставува повреда на службените должности и може да повлече соодветна одговорност согласно законските прописи и внатрешните акти на училиштето.

**1.5.8. Пропорционалност на мерките**

Мерките и активностите што ги презема училиштето за превенција и заштита од насилство се определуваат во сразмер со видот на дејствието, неговата сериозност и утврдените последици.
Мерките за заштита и поддршка на ученик-жртва се утврдуваат врз основа на фактичките околности, видот, интензитетот и последиците на насилството, во согласност со важечките закони.
Мерките кон ученик-сторител се определуваат во согласност со степенот на сериозност на насилството и утврдените последици врз жртвата, со цел спречување на повторување на дејствијата.
Педагошките мерки се изрекуваат во согласност со одредбите од Законот за средно образование и само по претходна примена и неуспех на други предвидени мерки.

**1.5.9. Информираност на сите засегнати лица**

Училиштето е должно да ги информира родителот/старателот и ученикот, на јасен и разбирлив начин, за содржината на овој документ.

Овој документ се објавува на веб-страницата на училиштето, заедно со други документи и материјали што се однесуваат на спречување и заштита од насилство врз учениците.

При обезбедување на заштита и поддршка на ученик жртва, вработениот е должен да го информира ученикот за постапката, достапните можности и можните последици, на начин приспособен на возраста и развојните способности на ученикот.

Доколку вработениот не располага со потребната информација, не смее да дава неточни или непроверени податоци, туку е должен да ја провери точноста и дополнително да го информира ученикот.

**1.5.10. Стручност при спроведување на мерките**

Секој вработен во училиштето може да биде првото лице на кое ученикот му се доверува во врска со насилство.
Училиштето е должно да обезбеди дека сите вработени, а особено наставниците и стручните соработници, поседуваат и постојано унапредуваат соодветни знаења, вештини и компетенции за препознавање, пријавување и постапување во случаи на насилство, во согласност со важечките закони и подзаконски акти.
Сите мерки и одлуки донесени од училиштето и неговите вработени во врска со заштита и поддршка на ученик-жртва или ученик-сторител мора да бидат засновани на проверени факти, стручно мислење и применливи позитивни прописи.
Одлуките и постапките мора да бидат оправдани, документирани и спроведени во согласност со принципите на правичност, стручност и со најдобрите достапни знаења од областа на превенцијата и заштитата од насилство.

**1.5.11. Должна грижа на вработените**

При спроведувањето на ова упатство, училиштето и сите негови вработени се должни да постапуваат со должно внимание, особено при:

1. Воочување или добивање информации за насилство,
2. Преземање мерки за спречување на насилството,
3. Обезбедување заштита на ученик-жртва,
4. Спроведување мерки за промена на однесувањето на ученик-сторител.

Должното внимание подразбира обврска за постапување со степен на претпазливост, ажурност и одговорност што разумно и совесно лице би го покажало во исти или слични околности, со почитување на сите применливи закони и подзаконски акти.

Вработените се должни да предвидат можни ризици и последици од своето дејствување или недејствување, и да постапат навремено со цел спречување или намалување на штетните последици за ученикот и училиштето.

**1.5.12. Забрана за непотизам и корупција**

При спроведувањето на мерките и активностите за превенција и заштита од насилство, училиштето и сите негови вработени се должни да постапуваат независно, непристрасно и во согласност со овој протокол и со важечките закони.

Во сите постапки се применуваат одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси.

Секој вработен кој ќе стекне сознанија за повреда на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е должен веднаш да го пријави случајот до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Забрането е вработените да постапуваат или да се воздржат од постапување под влијание на примена или ветување на корист, од каков било вид, директно или индиректно.

Доколку вработен кој одлучува или учествува во спроведувањето на мерки за заштита од насилство се најде во ситуација на судир на интереси, должен е веднаш да го пријави и да се изземе од понатамошно постапување.

Под „судир на интереси“ се подразбира состојба во која вработеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите должности, како што е случај кога жртвата или сторителот се негови роднини, пријатели или лица со кои има значајна лична или деловна врска.

**1.6. Видови насилство**

Под „насилство“ се подразбира секое дејствие или пропуштање на дејствие со кое се предизвикува физичка, психичка, емоционална, социјална, сексуална или онлајн (кибер) повреда, како и секое занемарување, несовесно постапување, малтретирање или експлоатација на ученик.

Насилството може да биде:

1. **Физичко насилство** – нанесување телесна повреда или болка преку употреба на физичка сила или предмети.
2. **Психичко и емоционално насилство** – постапки или зборови што предизвикуваат страв, вознемиреност, понижување или намалување на самопочитувањето.
3. **Социјално насилство** – изолирање, исклучување од група, ширење гласини или други дејствија што го нарушуваат социјалниот интегритет на ученикот.
4. **Сексуално насилство** – било каков облик на сексуален контакт или однесување без согласност, како и сексуално вознемирување.
5. **Кибер насилство** – користење на електронски комуникациски средства за вознемирување, закани, ширење на лични податоци или содржини без согласност.
6. **Занемарување и несовесно постапување** – неисполнување на основните потреби на ученикот за заштита, грижа, образование или безбедност.
7. **Експлоатација** – злоупотреба на ученикот за лична, економска или друга корист.

Насилство постои кога дејствието или пропуштањето е сторено намерно, со цел или свесност дека ќе предизвика физичка, психичка или друга штета, или со очигледна незаинтересираност за можните штетни последици.

**1.6.1. Злоупотреба**

Злоупотребата претставува форма на насилство која се повторува или се врши континуирано врз ист ученик, со што му се нанесува физичка, психичка, емоционална или социјална штета.

Во училишен контекст, злоупотреба постои кога поединец или институција, со дејствие или пропуштање на дејствие, му нанесува штета на ученикот или значително ја ограничува неговата можност за безбеден, здрав и достоинствен развој.

Злоупотребата често вклучува однос на надмоќ или зависност, при што ученикот се наоѓа во подредена позиција поради возраста, положбата или околностите.

**1.6.2. Занемарување**

Занемарување претставува пропуштање на потребни дејствија или неисполнување на обврските за грижа и заштита на ученикот, со што се загрозуваат или не се обезбедуваат неговите основни физички, здравствени, образовни и

безбедносни потреби, иако постои можност, знаење и пристап до средства или услуги за нивно задоволување.

Занемарувањето се разликува од сиромаштијата, при што во случаи на сиромаштија родителите/старателите, и покрај постојната волја, објективно немаат средства или можности за исполнување на обврските.

Занемарувањето може да биде резултат на дејствија или на недејствување, а одговорност за него носат сите лица и институции кои, согласно закон, се задолжени за заштита и грижа за ученикот.

**1.6.3. Експлоатација**

Експлоатација на ученик претставува секое искористување на неговата личност, работна сила или способности, спротивно на законот, со цел прибавување корист за друго лице или институција, при што се загрозуваат или повредуваат неговите права, здравје, безбедност или образование.

Експлоатацијата може да ја вршат родители, старатели, други лица од семејството, лица во кои ученикот има доверба, како и трети лица или правни субјекти.

Последиците од експлоатацијата вклучуваат, но не се ограничени на: нарушување на физичкото и менталното здравје, прекин или сериозно попречување на образовниот процес, како и нарушување на моралниот и социјалниот развој на ученикот.

Експлоатацијата е забранета и подлежи на пријавување и постапување согласно со Кривичниот законик, Законот за заштита на децата и други важечки закони.

**1.6.4. Физичко насилство**

Физичко насилство претставува секое дејствие со кое, преку употреба на физичка сила, со или без употреба на предмети, оружје или други средства, се предизвикува телесна повреда, болка или телесно страдање на ученик.

Под телесно казнување се подразбира секое користење на физичка сила со цел да се предизвика болка или непријатност, без оглед на степенот, како дисциплинска или воспитна мерка.

Секој вработен е должен веднаш да пријави физичко насилство кон ученик, а училиштето е должно да преземе мерки за заштита и постапување согласно со закон.

**1.6.5. Психичко и емоционално насилство**

Психичко и емоционално насилство претставува секое дејствие, пропуст или начин на постапување со кое се предизвикува или се создава опасност од предизвикување моментална или трајна штета врз психичкото, емоционалното или социјалното здравје, достоинството и развојот на ученикот.

Психичкото и емоционалното насилство може да биде извршено од страна на вработен во училиштето, друг ученик, родител/старател или друго лице.

Емоционалното насилство опфаќа и ситуации во кои со пропуст не се обезбедува безбедна, поддржувачка и развојно соодветна средина за ученикот, во согласност со неговите потреби и потенцијали.

Секое сознание или сомневање за психичко или емоционално насилство врз ученик е должно веднаш да се пријави, а училиштето е должно да преземе мерки за заштита и постапување согласно со закон.

**1.6.6. Социјално насилство**

Социјалното насилство претставува секое дејствие или пропуст со кое ученикот намерно се изолира, исклучува или доведува во нерамноправна положба во однос на другите ученици, врз основа на лични карактеристики или било кој друг субјективен или објективен критериум.

Секој вработен во училиштето е должен да пријави сознание или сомневање за социјално насилство до надлежните органи и служби, а училиштето е должно да преземе мерки за заштита и спречување.

**1.6.7. Сексуално насилство**

Сексуалното насилство претставува вербално, невербално, физичко или симболичко однесување од сексуална природа со кое ученикот се вознемирува, наведува, присилува или искористува за учество во активности од сексуална природа кои тој не ги сака, не ги разбира, или нема постигнато соодветно психо-социјално ниво на развој за да даде валидна согласност.

Секое сознание или сомневање за сексуално насилство мора веднаш да се пријави во Министерството за внатрешни работи и Центарот за социјална работа, а училиштето е должно да преземе итни мерки за заштита на ученикот и обезбедување на поддршка.

**1.6.8. Врсничко насилство (булинг)**

Врсничкото насилство (булинг) претставува збир на намерни негативни постапки, со цел да се предизвика повреда или друг вид на непријатност и штета кај друг ученик или група ученици. Овие постапки се повторуваат и се насочени кон истиот ученик или група ученици од страна на еден ученик или група на ученици. Булингот означува агресија на еден кон друг ученик, најчесто посилниот кон послабиот, при што и сторителот и жртвата можат да бидат поединци или групи. Врсничкото насилство може да се манифестира како физичко, психолошко или емоционално, социјално или сексуално насилство.

**1.6.9. Кибер насилство**

Кибер насилството претставува облик на малтретирање и вознемирување преку употреба на компјутер, мобилен телефон или други слични електронски уреди. Се манифестира преку праќање навредувачки, деградирачки или непосакувани пораки, фотографии и видеозаписи, електронска пошта, онлајн четови и блогови, како и преку телефонски повици и пристап до веб-страници со несоодветни содржини. Овој вид насилство може да вклучува онлајн радикализација, виртуелно сексуално вознемирување во рамките на видео игри и злоупотреба на социјалните мрежи и апликации, како што се ТикТок, Снепчет, Инстаграм, Фејсбук, Вајбер, Скајп и други слични платформи.

**1.6.10. Насилство мотивирано од омраза или предрасуди**

Насилството мотивирано од омраза или предрасуди претставува насилство поттикнато од негативен став или предрасуда кон личните карактеристики на ученикот жртва, неговите родители или старатели, браќа, сестри, други членови на семејството или пријатели. Таквите карактеристики можат да се однесуваат на пол, сексуална ориентација, раса, боја на кожа, етничка или национална припадност, религија или верување, политичко убедување, попреченост или друга основа утврдена со закон.

При спроведувањето на мерките за превенција и заштита, вработените имаат обврска да препознаат кога насилството е мотивирано од омраза или предрасуди и да постапуваат со должно внимание, преку навремена интервенција, обезбедување на безбедна средина и примена на воспитно-образовни и заштитни мерки во согласност со законските прописи.

**1.6.11. Полово засновано насилство**

Полово заснованото насилство во училиштата се препознава како сексуално, физичко или психолошко насилство што произлегува од стереотипни очекувања и нееднаква распределба на моќ помеѓу мажите и жените во општеството. Таквите стереотипи доведуваат до различни норми за однесување и очекувања од учениците, што може да резултира со насилничко однесување и социјално исклучување на оние кои не ги исполнуваат овие очекувања.

Половото заснованото насилство се јавува и во партнерските врски меѓу учениците, кои почесто започнуваат во средно училиште. Тоа се манифестира преку ограничување на слободата на движење, изолирање од социјалниот круг, љубомора, уценување или контрола врз облеката и личните избори на ученикот. Жртвите понекогаш не го препознаваат ова однесување како насилство и можат да го прифатат како нормално, што ја зголемува потребата од превенција и едукација.

**1.6.12. Обрасци на насилничко однесување наспроти инциденти**

Насилството во училиштето може да се појави како изолиран инцидент без претходна историја на насилничко однесување. Сепак, почесто се јавува како повторувано или трајно однесување, преку формирани обрасци на насилничко однесување кои повремено резултираат со конкретни инциденти.

Училиштето е насочено кон препознавање и надминување на ваквите обрасци што опстојуваат подолг временски период, понекогаш и со генерации, бидејќи нивното менување има долгорочен ефект во намалување на насилството. Ова не значи дека нема да се реагира на изолирани инциденти, туку дека приоритет е работа на причините и моделите на однесување кои го поттикнуваат насилството.

За разлика од обрасците, инцидентите може да се намалат со соодветна реакција, но веројатно секогаш ќе постојат, поради што е неопходен ефикасен и навремен одговор. Обрасците претставуваат стекнато и прифатено однесување, често вградено како норма или вредност, поради што насилството понекогаш останува непрепознаено.

Со цел нивно отстранување, училиштето континуирано спроведува систематски превентивни активности.

**1.6.13. Поделба на насилството по нивоа**

Во Прилог 2, видовите насилство се класифицирани на три нивоа, прикажани во три табели. Оваа поделба служи како насока при определување на мерките што се преземаат во фазата на интервенција.

Поделбата по нивоа не значи дека насилството од прво или второ ниво, особено ако се повторува, не може да биде подеднакво сериозно.

**1.6.14. Ученик жртва и ученик сторител**

Секој ученик, во одредени околности, може да се најде во улога на жртва или сторител на насилство. Секој случај е единствен, а учениците се разликуваат по своите карактеристики, потреби, вредности и желби.

Училиштето одлучува засебно за секој поединечен случај, земајќи ги предвид околностите во кои настанало насилството, како и личните карактеристики на ученикот-жртва и ученикот-сторител.

Во продолжение се опишани најчестите карактеристики на учениците жртви и на учениците сторители, со цел полесно препознавање на насилството. Ова не значи дека во секој конкретен случај овие карактеристики мора да бидат присутни.

***Ученик жртва***

Ученици кои најчесто се изложени или можат да бидат изложени на насилство се ученици со пониска самодоверба и самопочит, што често се манифестира и преку физички особености (премногу слаби или премногу крупни, ниски, ученици со хронични здравствени проблеми, ученици кои користат очила, протези или други помагала), ученици со попреченост или посебни образовни потреби, ученици кои припаѓаат на немнозински етнички, верски или социјални групи, ученици кои се надарени, нови ученици во паралелката, ученици без родители или од еднородителски семејства, како и ученици кои се во потешка материјална состојба од останатите.

Учениците жртви најчесто се пасивни, срамежливи, тивки и анксиозни, емоционално пречувствителни, лесно заплачуваат и се повлекуваат во себе. Плашливи се и за нив е карактеристично дека нема да возвратат, туку ќе се повлечат ако бидат нападнати. Обично не се агресивни, но доколку подолг период бидат изложени на насилство, може да станат раздразливи и да возвратат.

***Ученик сторител***

Учениците кои е најмногу веројатно да сторат насилство се оние кои покажуваат агресивно однесување кон родителите, другите ученици или наставниците, имаат потреба да доминираат и да ја демонстрираат својата моќ со цел да привлечат внимание и признание, сметаат дека се подобри и повредни од другите, не прифаќаат неуспех, не се толерантни и не прифаќаат различности, како и ученици кои самите биле жртви или сведоци на насилство во домот, околината или училиштето.

Овие ученици често настојуваат да ги контролираат другите преку физичко напаѓање или омаловажување; импулсивни се и манипулативни, а понекогаш имаат потреба за стекнување материјална корист. Често имаат потешкотии да сочувствуваат со другите и не можат да ја разберат состојбата на ученикот кој трпи насилство. Имаат потешкотии да ги предвидат и разберат причините и последиците од своето однесување и тешко прифаќаат одговорност за своите постапки.

Зад надворешната слика на супериорност често се крие несигурност, сомнеж во сопствените способности и ниска самопочит, при што агресивноста служи како одбрана и прикривање на внатрешна слабост. Насилното однесување често се манифестира преку бес, презир и омраза, што се користат како одбрана од внатрешна напнатост, несигурност, потиштеност и депресивност, кои може да бидат последица на околностите во домот или средината во која живее ученикот.

**2. Политика за превенција од насилно однесување и спречување на насилство**

Превенцијата од насилно однесување и спречувањето на насилството во училиштето претставува збир на мерки и активности насочени кон создавање безбедно и сигурно училишно опкружување, развивање и одржување на атмосфера на соработка, почитување, конструктивна комуникација и придржување кон утврдени правила на однесување во рамките на воспитно-образовниот процес. Овие мерки имаат цел и развивање на вештини кај учениците и вработените за препознавање и ефикасно реагирање во ситуации на насилство.

Мерките и активностите за спречување на насилство се спроведуваат преку:

- Зајакнување на капацитетите, улогата и надлежностите на вработените во училиштето во спроведување на мерки и активности за спречување и заштита од насилство;
- Едукација и подигнување на свеста кај учениците и родителите/старателите;
- Други активности, согласно потребите на училиштето и локалниот контекст.

**2.1. Зајакнување на капацитетите, улогата и надлежностите на вработените во училиштето во спроведување на мерки и активности за спречување и заштита од насилство**

Директорот на училиштето, во соработка со стручните соработници, организира континуирани обуки за спречување и заштита од насилство, најмалку два пати годишно. Овие обуки се прилагодуваат на актуелните знаења, капацитети и потреби на вработените. За нивна реализација, училиштето може да соработува со надворешни експерти, образовни институции и други релевантни организации.

Училиштето спроведува:

- најмалку една обука годишно за спроведување на оваа политика и протокол;
- најмалку една обука годишно за унапредување на знаењата и вештините на наставниците за спроведување активности меѓу учениците насочени кон превенција од насилство и други штетни појави.

Веднаш по засновање на работен однос, училиштето го информира нововработеното лице за содржината на овој документ, неговите обврски при спроведувањето и му обезбедува потребна едукација или дополнителни информации, со цел да се гарантира дека располага со соодветни знаења и вештини за превенција и заштита од насилство. Нововработените задолжително се вклучуваат во редовните годишни обуки.

Училиштето соработува со други образовни институции, здруженија и релевантни организации, со цел унапредување на системот за спречување и заштита од насилство.

**2.2. Едукација и подигање на свеста кај учениците**

При спроведување на активностите за спречување на насилство, вработените имаат предвид дека насилството е сложен проблем кој може да се намали преку подигање на свеста и развивање на вредности како почитување на различностите, човековото достоинство, ненасилна комуникација, емпатија и почитување на интегритетот на секој поединец.

Училиштето континуирано работи на едукација и подигање на свеста кај учениците за спречување на насилство. Раководителот на паралелката е должен, веднаш по почетокот на учебната година, на часот на одделенската заедница да го претстави овој документ преку дискусија, интерактивни вежби и размена на мислења.

При потреба, може да предвиди повеќе часови за целосно разбирање на содржината и за едукација на учениците.

Раководителите на паралелките најмалку еднаш годишно, а и секогаш кога е потребно, на класниот час разработуваат содржини, работилници и дискусии на теми поврзани со спречување и заштита од насилство, согласно потребите на класот.

Тие се должни да информираат и да разговараат со родителите/старателите за мерките за спречување и заштита од насилство, да го претстават овој документ на родителските средби, да побараат од нив да се запознаат со содржината и да ги поттикнуваат на соработка во активностите за превенција.

Наставниците по спорт и спортски активности спроведуваат мерки за спречување на насилство преку едукација за фер игра, развивање правила за ненасилно однесување во спортот и поттикнување на спортско навивање без говор на омраза или навреди.

Во училиштето е забрането предавање или дистрибуирање на материјали кои можат да поттикнат насилство, омраза или дискриминација по било која основа, зацврстување на штетни стереотипи, радикализација или негирање на правата и достоинството на другите.

Учениците, преку ученичкото организирање, ученичкиот парламент и паралелките, можат да иницираат активности за превенција од насилство, како предавања, работилници, културни настани, формирање врснички групи за поддршка и креирање сопствени правила за постапување во случаи на насилство. Ученичкиот правобранител може да спроведува активности за спречување на насилство, да информира надлежни наставници или стручни соработници и да се грижи за подобрување на мерките за заштита во училиштето.

Директорот на училиштето е должен да обезбеди потребни услови за реализација на овие активности, вклучително простор, технички средства и финансиска поддршка. Стручните соработници се должни да соработуваат со учениците и да ги насочуваат при спроведување на активностите.

**3. Протокол за постапување во случаи на насилство**

Овој протокол утврдува мерки и активности кои училиштето ги презема за заштита на ученикот-жртва и за промена на однесувањето на ученикот-сторител.

Главните цели на интервенцијата се: прекинување на насилството, заштита на жртвата, спречување на повторување, корекција на однесувањето на сторителот и влијание врз факторите кои довеле до настанот.

Секој случај на насилство се разгледува поединечно, со проценка на најсоодветните мерки во согласност со принципите на овој документ.

Протоколот служи како насока и рамка за делување, а не како фиксна листа на готови решенија. Тој овозможува флексибилно и целисходно реагирање, прилагодено на конкретните околности и потреби на сите вклучени страни.

**3.1. Препознавање и пријавување на насилство**

Секое лице е должно да пријави насилство или сомнеж за насилство над ученик, без оглед на тоа дали настанот се случил во училиштето, на патот до училиштето, во училишниот двор, во домот на ученикот или на кое било друго место.

Контакт лице за пријавување е психологот **Тина Чачоровска** (e-mail: chachorovskatina@gmail.com). Заменик контакт лице е наставникот **Грозданка Каникова** e-mail: grozdankakanikova@gmail.com).

Наставниците, стручните соработници и директорот се должни да го препознаат насилството, да внимаваат на можни знаци во секојдневното работење и, доколку го забележат, да го применат овој протокол. При сомнеж, информацијата се споделува со стручните соработници и релевантните наставници (на пример, раководителот на паралелката), кои продолжуваат со набљудување или со преземање мерки за заштита.

Учениците или другите лица кои пријавуваат насилство не се обврзани да се обратат директно кај контакт лицето или неговите заменици. Сепак, секој вработен кој ќе прими информација е должен да го извести контакт лицето и заедно да одлучат за соодветните мерки за заштита.

Доколку ученик-жртва директно пријави на одреден вработен, тоа лице останува вклучено во мерките за заштита, бидејќи довербата на ученикот е клучна. Во согласност со желбата на ученикот, може да се задржи истата комуникација или да се назначи друго лице.

При препознавање на насилство, вработените обрнуваат внимание на можни знаци:

- **Физички и физиолошки** – траги од повреди, модринки, лузни, изгореници, исекотини, искината облека, запуштен изглед, скршени или оштетени лични предмети, проблеми со исхраната, болки во стомакот или главоболки, несоница или претерано долго спиење и слично.
- **Емоционални** – плачливост, повлеченост или претерана активност, раздразливост, силни или невообичаени стравови, агресивно или автодеструктивно однесување, молчаливост или претерана говорливост, ноќни кошмари, злоупотреба на алкохол или дрога, избегнување социјални контакти, нарушувања на говорот и слично.
- **Однесување дома или во училиште** – значително намалување на училишниот успех, неоправдани изостаноци, исчезнување на предмети, губење концентрација, избегнување одговорности или активности, страв од одредени лица, избегнување или пречесто користење на мобилен телефон (особено при кибер насилство) и слично.

Овие знаци можат да бидат и нормални развојни реакции, но екстремноста, зачестеноста, времетраењето и повторувањето, особено во комбинација, бараат внимание и проценка.

### 3.2. Прекинување на насилството

Начинот на прекинување на насилството зависи од неговиот вид, бројот на вклучени ученици и нивната возраст. Секој вработен, како и лицата од службата за обезбедување, се должни веднаш да го запрат насилството, без одлагање, кога ќе го забележат или ќе добијат информација за него.

При појава на посериозна форма на насилство, како тепачка со поголем број ученици или физичко насилство со употреба на нож или друго оружје, вработените веднаш ја повикуваат службата за обезбедување, која заедно со нив може да одлучи за вклучување на полицијата. Доколку сторителот е помладо возрасно лице – ученик, а насилството е сериозно и спаѓа во категориите наведени во табела 2 или табела 3, училиштето повикува полиција.

Кога постои сомнеж дека ученик е жртва на каков било вид насилство, без разлика на местото на настанот и идентитетот на можниот сторител, вработениот веднаш го информира контакт лицето за пријавување. Контакт лицето потоа разговара со ученикот и/или со други лица кои би можеле да дадат информации. Наставниците и стручните соработници разговараат и со родителите, освен во случаи кога тоа би било спротивно на интересот на детето – на пример, ако постои сомнеж дека родителот е

сторител или одговорен за насилството, или ако неговото вклучување може да предизвика дополнителна штета. Во такви ситуации се информира Центарот за социјална работа.

Ако насилството се случило во домот на ученикот или на друго место, а вработените добиле информации врз основа на видливи физички знаци или однесувањето на ученикот, вработениот кој го забележал тоа го информира контакт лицето. Контакт лицето, заедно со стручните соработници и релевантните наставници, може да разговара со ученикот или со други лица за да добие попрецизни информации. Овие случаи училиштето ги пријавува во Центарот за социјална работа.

**3.3. Смирување на ситуацијата**

Откако насилството е прекинато, вработените преземаат мерки за смирување на состојбата. Вработениот кој го запрел насилството задолжително го информира и го вклучува контакт лицето за пријавување на насилство, кое ја води оваа фаза.

Кога станува збор за прв инцидент без значајни последици, како оние наведени во табела 1, вработениот кој реагирал веднаш се обидува да ја смири ситуацијата, пријавува кај стручните соработници и побарува нивна помош. Ако процени дека не може самостојно да се справи или дека ситуацијата повторно ескалира, веднаш го повикува контакт лицето.

Доколку се работи за повторен инцидент од табела 1 или за насилство од табелите 2 и 3, вработениот е должен да го извести контакт лицето. Контакт лицето, според околностите, одлучува дали ќе вклучи и други вработени, како наставници, стручни соработници или директорот. Во оваа фаза може да бидат повикани и претставници од надворешни институции – МВР, Центар за социјална работа, здравствени служби или други лица со релевантна експертиза. За случаите од табела 3, присуството на надворешни институции е задолжително. Секогаш кога се повикуваат надворешни претставници, директорот се информира, освен во итни ситуации кога веднаш мора да се повика полиција.

Во повеќето случаи, за да се избегне предизвикување страв кај учениците, разговорите со нив ги водат вработените во училиштето, а не надворешните претставници, особено ако станува збор за униформирани полициски службеници. Исклучок се ситуациите од табела 3, особено оние што претставуваат кривично дело, кога најпрво постапуваат претставниците на МВР, ЦСР и здравството, а потоа училиштето презема дополнителни мерки за заштита и поддршка. Разговорите можат да се одложат за следниот ден или за момент кога ќе постојат соодветни услови.

Училиштето продолжува да презема мерки за смирување на состојбата, спречување на повторување и заштита на жртвата, во координација со надворешните институции. Мерките се договараат заеднички, се следи нивниот ефект и, доколку е потребно, се менуваат или прекинуваат. Ако училиштето процени дека мерките на другите институции не се соодветни или дека не постои соработка, го известува надлежното министерство, Народниот правобранител или инспекциските служби, а може да побара и поддршка од организации што работат на спречување и заштита од насилство или обезбедуваат бесплатна правна помош.

Клучна цел во оваа фаза е да се добијат точни информации за причините и факторите кои довеле до насилството, да се утврди кој бил вмешан, колку траело, дали се повторувало, какви се личните карактеристики на жртвата и сторителот, кои се нејзините потреби и желби, какви се односите со родителите или старателите и дали е потребно нивно вклучување во одлучувањето за понатамошните мерки.

Мерките вклучуваат разговори со сите ученици поврзани со настанот – жртвата, сторителот и набљудувачите. Разговорите со жртвата и сторителот се водат одвоено, во приватни простории, без присуство на други ученици. И со набљудувачите е препорачливо да се разговара индивидуално, бидејќи групната динамика и стравот од осуда можат да ги спречат да дадат точни информации. Разговорите ги води контакт лицето или друго лице во кое ученикот има доверба, а, доколку е потребно, може да се вклучат и други вработени, но со цел бројот на присутни лица да биде минимален и да се гарантира доверливост.

Од учениците, особено од жртвата, не смее да се бара повеќекратно повторување на приказната пред различни лица или повторно одговарање на истите прашања. Кога станува збор за повторени случаи од табела 1 или случаи од табелите 2 и 3, изјавите на сите ученици се запишуваат веднаш по разговорот, без парафразирање или дополнителни заклучоци. Белешки може да се водат за време на разговорот, но целосно запишување на изјавите се врши по завршувањето, за да се одржи вниманието кон учениците.

Не треба да се очекува дека при првиот разговор жртвата ќе открие сите детали за насилството. Недостатокот на информации во почетната фаза не значи дека ученикот лаже, туку може да биде последица на страв од изолирање, осуда или казни, чувство на срам или недоверба. Затоа, разговорите се водат со трпение и продолжуваат сè додека постои потреба.

Разговорите со учениците, без разлика дали се жртви, сторители или сведоци на насилство, треба да се водат со трпение, внимание и смиреност. Секогаш е важно вниманието да се насочи кон конкретните постапки и однесувања, без осудување, минимизирање или преувеличување на ситуацијата. Потребно е внимателно да се слуша што раскажуваат сите вклучени, без интерпретирање, менување или толкување на нивните зборови и без заземање страна. Се препорачува да се користи истиот речник што го употребуваат учениците при опишување на насилството, злоупотребата или занемарувањето, а доколку нешто не е јасно, да се поставуваат прашања со цел разјаснување, наместо да се прават претпоставки.

Разговорот треба да биде смирен, без реакции на шок или недоверба, при што се покажува дека им се верува на учениците, со цел тие да се охрабрат да споделат повеќе информации. Не треба да се обвинува или пресудува, ниту да се поставуваат прашања на начин што наликува на полициска или истражителска испитна постапка. Важно е да не се ветува дека веднаш сè ќе биде во ред, бидејќи тоа не е секогаш реално, туку заедно со ученикот да се одредат рамките и времето на активностите кои ќе следат. Треба да се нагласи дека ќе има повеќе средби, за ученикот да знае дека контактот и поддршката не завршуваат со еден разговор, и да се истакне дека ќе се направи сè што е навистина во моќ на вработениот.

Секој вработен е должен да реагира во рамките на своите надлежности и да не ја префрла одговорноста на други. Учесниците во разговорот треба да бидат запознаени со следните чекори, кој ќе биде информиран и на кој начин ќе се следи ситуацијата, за да постои јасна и транспарентна комуникација.

### 3.4. Заштита од насилство и промена на однесувањето на сторителот

По смирувањето на ситуацијата и добивањето информации од разговорите со сите вмешани и сведоци на насилството, училиштето одлучува кои мерки за заштита ќе се спроведат и како ќе се влијае на однесувањето на сторителот.

Во случаите од табела 1 кои не се повторуваат, наставникот, стручниот соработник или директорот кој го прекинал насилството одлучува кои конкретни

мерки ќе преземе. Тој може да одлучи физички да го оддели сторителот од жртвата (на пр. да го премести на друга клупа), да разговара приватно со жртвата и да утврди дали ѝ е потребна психосоцијална поддршка или разговор со психолог, педагог или друго лице, да разговара со паралелката или набљудувачите, да објасни зошто насилното однесување е недозволиво и какви последици може да има, како и да разговара приватно со сторителот, укажувајќи му да не го повтори однесувањето и да го упати на советување кај психолог. Исто така, наставникот може да нагласи на учениците значењето на ненасилната комуникација и ненасилните начини за разрешување на конфликти.

Посебно внимание се посветува на тоа жртвата да не се почувствува казнета. Таа не смее да биде преместена на друга клупа наместо сторителот, да се бара од неа да менува облека или предмети, да се принудува на извинување или задолжително советување кај психологот против нејзина волја.

Во случаите од табела 1 кои се повторуваат и случаите од табела 2, училиштето изработува писмен план за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот. Планот го изработува контакт лицето, кое по процена одлучува дали ќе вклучи и други лица – наставници, стручни соработници, директор, претставници од други институции.

Во случаите од табела 3, изработката на планот задолжително вклучува претставници од Центарот за социјална работа, а доколку се работи за кривично дело, задолжително се вклучува и претставник од МВР. Доколку насилството има сериозни последици по физичкото и менталното здравје на ученикот, во планот се вклучуваат и претставници од здравствените институции.

Планот за заштита и промена на однесувањето може да вклучува следни мерки:

**1. Психо-социјална поддршка на жртвата:**

- Се обезбедува од училишниот психолог и трае додека не се постигнат резултатите и додека стручните лица проценат дека е потребно.
- Доколку жртвата добива поддршка надвор од училиштето, училишниот психолог координира со надворешното стручно лице за видот и интензитетот на мерките.
- Ако училиштето нема капацитет за потребната поддршка, се посредува со јавни здравствени институции и/или специјализирани советувалишта за насилство.

**2. Мерки за физичко одделување на сторителот:**

- Се применуваат при повторувања од табела 1, случаи од табела 2 и задолжително за табела 3.
- Вклучуваат преместување на сторителот во друга паралелка, забрана за приближување кон жртвата и ограничување на учество во заеднички активности додека не се промени однесувањето (со согласност на жртвата).

**3. Мерки за физичко одделување на жртвата:**

- Се применуваат само доколку е неопходно и во најдобар интерес на жртвата.
- Можат да вклучуваат ослободување од настава, префрлување во друга паралелка или одредени предмети/активности.

**4. Мерки за промена на однесувањето на сторителот:**

- Применуваат се само ако сторителот е ученик.
- Вклучуваат психо-социјална поддршка, советување на родителите/старателите и други членови на семејството, како и разговори за влијанието на нивното однесување.

5. **Педагошки мерки кон сторителот:**

- Може да се изречат според член 57 од Законот, доколку мерките за промена на однесувањето не даваат резултати или во случаи на насилство од табела 2 и 3.
- Мерката „отстранување од училиштето“ се користи само ако е потребно за заштита на жртвата.

**6. Мерки за поддршка на набљудувачите и сведоците:**

- Вклучуваат разговори, објаснување на последиците од насилството, советување како да реагираат и едукативни активности.
- Не се откриваат детали кои ги надминуваат нивните сознанија.
- За повторувања од табела 2 и случаи од табела 3, може да се понуди психосоцијална поддршка или упатување во надлежна установа.

Сите мерки кои се однесуваат на жртвата се донесуваат со активно вклучување на самата жртва, со нејзино согласување и со земање предвид на нејзините желби и потреби. Жртвата треба да се чувствува дека има контрола над ситуацијата и дека заедно со возрасните може да донесува одлуки во својот интерес. Сите предлози и мерки контакт лицето или друго лице од доверба на жртвата детално ги образложува на јасен и разбирлив начин, прилагоден на возраста на ученикот, со цел таа да биде оспособена да донесе информирана одлука. Со жртвата се работи трпеливо, ѝ се остава време да размисли, да го промени мислењето или да одбие одреден предлог, па дури и кога спроведувањето на мерките е веќе започнато.

Контакт лицето или друго лице од доверба на ученикот сторител разговара со него за донесените мерки, за посакуваните резултати, следните чекори и можните последици. При тоа, ученикот сторител не се обвинува ниту се осудува, туку се насочува вниманието кон промена на однесувањето и идентификација на факторите кои довеле до насилничкото однесување.

Родителите или старателите на жртвата и на сторителот се вклучуваат во изработката на планот за заштита и промена на однесувањето, секогаш кога тоа е во согласност со принципот на најдобар интерес на детето. Доколку родителите или старателите се несоработливи или делуваат на штета на детето, училиштето е должно да го извести Центарот за социјална работа. Во случаи кога родителите или старателите се однесуваат насилнички, или ако постои ризик од насилство или штета кон вработени, ученици или други родители, училиштето дополнително повикува полиција, а во зависност од околностите може да се известат и Министерството за образование и наука, инспекторатот, Народниот правобранител, како и да се побара правна помош од Министерството за правда или здруженија на граѓани.

Планот за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот постојано се евалуира и дополнува. Се следи дали мерките даваат резултати, се проценува состојбата на ученикот жртва и на ученикот сторител, а врз основа на тоа се одредува времетраењето и видот на мерките. Мерките продолжуваат додека не се постигнат посакуваните резултати, а по нивното завршување училиштето продолжува активно да следи и да ја следи еволуцијата на однесувањето и развојот на жртвата и сторителот.

**3.5. Евиденција**

Контакт лицето е одговорно за евидентирање на секој случај на насилство врз ученик, користејќи го формуларот од Прилог 2. Во оваа евиденција се запишуваат случаите од табела 1 кои се повторуваат, како и сите случаи од табела 2 и табела 3. Формуларите се чуваат во согласност со Законот за заштита на лични податоци, за да се обезбеди доверливост на информациите.

Планот за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот, во сите негови верзии и дополнувања, се чува заедно со формуларот за евиденција од Прилог 2. За подготовка на планот се користи формуларот од Прилог 3, кој се пополнува веднаш по пополнувањето на формуларот од Прилог 2. Лицето за контакт или неговиот заменик, заедно со останатите лица кои се вклучени во одлучувањето и спроведувањето на мерките за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот, го пополнуваат делот за процена на ефикасноста на мерките во моментот кога ќе проценат дека се постигнати резултати, а најдоцна во рок од еден месец од добивањето на информацијата за случајот. Формуларот се ажурира онолку пати колку што има потреба, додека траат мерките, при што се пополнуваат само оние делови каде има промени и дополнувања. Откако ќе се процени дека мерките го оствариле својот ефект, се пополнува завршниот дел за процена на ефикасноста.

Клучните елементи на планот за заштита и промена на однесувањето ги вклучуваат описот на преземените мерки, резултатите и индикаторите кои се следат, временската рамка за спроведување и за евалуација на ефектот од мерките, информациите за лицата кои учествуваат во подготовката и спроведувањето, како и забелешки во кои се внесуваат отворени прашања, различни мислења и други дополнителни информации од учесниците. Планот се потпишува од контакт лицето и директорот на училиштето и содржи датум на донесување.

Се обезбедува континуирано следење и евалуација на ефектот од преземените мерки, со цел да се утврди дали тие даваат резултати и дали е потребно продолжување, изменување или дополнување на мерките за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот.

Контакт лице за пријавување на насилство — Директор:

Психолог: — Димитар Филиповски

Тина Чачоровска

Скопје 2025

Прилог 1

Табела со распределба на улоги и одговорности

| Категорија на лица | Клучни обврски | Начин на постапување | Забелешка |
|---|---|---|---|
| директор | Усвојување и надзор на спроведување на интерниот акт (протоколот) | Го следи спроведувањето, носи одлуки во сложени ситуации | Одговорен во целокупната организација |
| Стручни соработници | Контакт лица за пријави, набљудување и преземање мерки | Водат записници, работат со ученици, информираат родители | Контакт лице Магдалена Костова -педагог, заменик контакт лице Елка Јанкова Селева- наставник |
| Раководители на паралелка/наставници | Информирање на учениците, следење на динамиката во паралелката | Го претставуваат интерниот акт (протоколот) и Правилникот на часот на заедницата на паралелка | Водење на евиденција за спроведените часови |
| Административно-технички персонал (хигиеничари, друг технички персонал, секретар и др. | Набљудување на ученичко однесување пред училиштето, ходници и заеднички простории | При забележано сомнително однесување, веднаш ги информираат стручните лица | Мора да бидат запознаени со основните индикатори за насилство |
| Ученици | Почитување на правилата и пријавување на насилство | При сомнеж или сведоштво на насилство се обраќаат на наставник и стручен соработник | Обучени на часовите на заедницата на паралелка |
| Родители/старатели | Соработка со училиштето, | Реагираат доколку детето пренесе | Да се вклучат во активности за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | информирање за промени кај нивните деца | искуство со насилство | подигање на свеста |

Прилог 2

Табели со категоризација на насилството

| **Табела 1 - ПРВО НИВО** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Физичко насилство | Емоционално /психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство / злоупотреба | Кибер насилство |
| Удирање чврги<br><br>Буткање<br><br>Штипење<br><br>Гребење<br><br>Кубење<br><br>Гризење<br><br>Сопнување<br><br>Шутирање<br><br>Валкање<br><br>Уништување на предмети | Исмевање<br><br>Омаловажување<br><br>Озборување<br><br>Навредување<br><br>Ословување со погрдни имиња<br><br>Пцуење<br>Имитирање<br><br>Прозивање | Дофрлање<br><br>Потсмевање<br>Игнорирање | Дофрлање<br><br>Пцуење<br><br>Негативни коментари<br><br>Гестикулации со сексуална алузија | Повремени вознемирувачки повици<br><br>Вознемирувачки СМС, ММС пораки<br><br>Вознемирувачки пораки на социјалните мрежи итн. |
| **Табела 2 – ВТОРО НИВО** | | | | |
| Физичко насилство | Емоционално /психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство / злоупотреба | Кибер насилство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Шамарање<br><br>Удирање<br><br>Газење<br><br>Кинење на облеката<br><br>Затворање<br><br>Плукање<br><br>Одземање и уништување на сопственост | Уценување<br><br>Закани<br><br>Неправедно казнување<br><br>Етикетирање<br><br>Забрана за комуницирање<br><br>Исклучување<br><br>Отфрлање<br><br>Манипулирање | Сплеткарење<br><br>Игнорирање<br><br>Отфрлање<br><br>Невклучување<br><br>Неприфаќање<br><br>Манипулирање<br><br>Експлоатација<br><br>Исклучување од групата врз дискриминаторска основа<br><br>Навреди<br><br>Вознемирување на дискриминаторска основа | Сексуално допирање<br><br>Покажување на порнографски материјал<br><br>Покажување на интимните делови на телото<br><br>Соблекување | Огласи<br><br>Клипови<br><br>Блогови<br><br>Злоупотреба на форуми и четувања<br><br>Сексуално насилство во видео игри<br><br>Снимање со камера на насилни сцени<br><br>Дистрибуирање на приватни снимки и слики без согласност. |
| Табела 3 – ТРЕТО НИВО | | | | |
| Физичко насилство | Емоционално /психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство / злоупотреба | Кибер насилство |
| Тепачка<br><br>Давење<br><br>Фрлања кои резултираат со сериозни физички последици /укажана помош од лекар/<br><br>Напад со палка, нож, оружје кое може да има фатален исход<br><br>Предизвикување на изгореници | Застрашување со уцена<br><br>Рекетирање<br><br>Ограничување на движење<br><br>Наведување на користење на психоактивни супстанции (легални или нелегални),<br><br>Вклучување во секти,<br><br>Занемарување | Сериозни закани за животот, терор на група над поединец/група,<br><br>Дискриминација<br><br>Организирање на затворени групи (кланови),<br><br>Навреди и вознемирување на дискриминаторска основа. | Заведување од страна на возрасни<br><br>Подведување<br><br>Злоупотреба на моќта<br><br>Наведување, изнудување и принудување на сексуална активност<br><br>Силување<br><br>Полов напад врз дете кое | Дистрибуирање или објавување на приватни снимки или слики без согласност,<br><br>Снимање на вулгарни и насилни сцени кои се масовно дистрибуирани<br><br>Прикажување на порнографски материјал, производство и дистрибуција на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Забрана на храна и спиење<br><br>Изложување на ниски температури | | | не навршило 14 години= Задоволувањ е на полови нагони пред друг Обљуба со злоупотреба на положбата | порнографски материјал. |

Прилог 3

Формулар за евиденција на насилството

1.Датум и час кога се случил насилниот настан/ситуација: ___________________________

2. Тип на насилство/ повреда на ученикот (означи):
☐ Физичко насилство
☐ Емоционално /психичко насилство
☐ Социјално насилство
☐ Сексуално насилство /злоупотреба
☐ Кибернасилство
☐ Занемарување
☐ Друго ____________________________________________

3. Насилството се случува:
☐Прв пат
☐Се повторува повеќепати: __________________________ (наведете колку пати):

4. Каде се случило насилството (можни се повеќе одговори):
☐Во училницата
☐Во спортската сала
☐Во ходниците
☐Во тоалетот
☐Во дворот на училиштето
☐На пат кон/од училиштето
☐Во домот
☐На интернет
☐Друго: __________________________________

5.Начин на откривање или воочување на насилството (насилната ситуација):
☐Наставник
☐Ученик сведок или ученик кој на друг начин дознал
☐Стручен соработник
☐ Контакт лице за пријавување насилство или заменик

☐Пријава од обезбедувањето
☐ Директорот на училиштето
☐ Друго вработено лице во училиштето
☐Пријава од родител/старател
☐Пријава од личноста која доживеала насилство
☐Анонимна пријава на е-маил, веб страница или кутија
☐Друго:

6. Опис на настанот:
________________________________________________
________________________________________________
________________________________________________
________________________________________________
________________________________________________
________________________________________________
________________________________________________
________________________________________________

7. Учесници во насилството
Дополни со број.

7.1. Колку жртви има во случајот? __________

7.2. Колку сторители има во случајот? ________

7.3. Ученик/ци жртва/и на насилство (овој дел, 7.3. се копира онолку пати колку што има жртви во случајот и се пополнува за секоја жртва поединечно)

Име и презиме: ________________________________________________
Возраст: ________________________
Пол:
☐Женски
☐Машки

Етничка припадност:
☐Македонска
☐ Албанска
☐Турска
☐Ромска
☐Бошњачка
☐Влашка
☐Српска
Друго:_____________________________

Дали ученикот е дете со попреченост или посебни образовни потреби?

Заокружи:
ДА
НЕ

Прашалникот го спроведе

Датум __________________ година

________________________________

Име, презиме и потпис